Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-661/08
26.05 2008 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА, СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, СОЦИОЛОГИЈА, СОЦИОЛОГИЈА НА МОРАЛОТ И МЕТОДИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на својата XX-та редовна седница одржана на 14.V.2008 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): Социологија на религијата, Социологија на образованието, Социологија, Социологија на моралот и Методика. Во врска со тоа Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник по наведените научни области (дисциплини) се јавил д-р Зоран Матевски, вонреден професор на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет.

Д-р Зоран Матевски е роден на 16.XI.1957 година во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Дипломирал на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Веднаш по дипломирањето е примен како помлад асистент на Институтот за социологија. Магистерскиот труд под наслов "Социјалните причини за иселување од Република Македонија во прекуокеанските земји" го одбранил во 1994 година, со што се стекнал со академскиот степен магистер по социолошки науки. Истата година е избран за асистент при Институтот за социологија. Докторската дисертација под наслов "Влијанието на средствата за масовна комуникација врз социолошките сознанија кај учениците во средно образование во Република Македонија" ја одбранил во 1998 година, со што се стекнал со научен степен доктор по социолошки науки. Истата година е избран во наставно-научното звање-доцент. Во 2003 година е избран за вонреден професор на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Од изборот за вонреден професор па се до конкурирањето ја држел наставата по предметите: Социологија на религијата, Социологија на образованието, Социологија, Социологија на моралот и Методика.

Од изборот за вонреден профессор до конкурирањето за избор на наставник (во сите звања) кандидатот д-р Зоран Матевски ги објавил следниве научни трудови:

- 2004. *Социологија - учебник за III година (реформирано гимназиско образование)*. Скопје: Просветно дело АД (како коавтор)

- 2005. *Социологија - учебник за IV година (реформирано гимназиско образование).* Скопје: Просветно дело АД (како коавтор)
- 2006. *Социологија - учебник за I година (економско-правна и трговска струка).* Скопје: Просветно дело АД (како коавтор)
- 2004. *Конструктивно разрешување на конфликтите како значаен фактор за заштита на човековите права и слободи.* Во Зборник: Траумата и психолошките појави како последица на конфликтот како извор за загрозување на човековите права. Скопје: Fridrich Ebert Stiftung
- 2004. *Меѓуетничка соработка во сферата на образованието - пример за дијалог меѓу невладиниот сектор и државните институции.* Во Социолошка ревија (број 1-2, 2004 година). Скопје: Здружение на социолозите на Република Македонија
- 2004. *Religious tolerance in Republic of Macedonia-is the national interests stronger than the ecumenical conscience.* http:// kotor-network.info/papers/kotor2004/Macedonia.matevski.htm
- 2005. *The religious Education in the Pedagogical System in the Republic of Macedonia.* http://kotor network.info/papers/kotor
- 2005. *Теоретски гледишта за билингвизмот и јазичната политика.* Во Зборник: Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик. Скопје: Институт за македонски јазик
- 2005. *Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonin Post-Comunist Society.* Во Зборник: Religion and Politics. Blagoevgrad: South-West University "Neofit Rilski"
- 2005. *Религијска толеранција у мултиетничкој и мултиконфесионалној Репиблици Македонији.* Во Зборник: Религија у мултикултурном друштву. Нови Сад/Београд: Филозофски факултет у Новом Саду и Социолошко друштво Србије
- 2006. *Introducing Religious education in Macedonia.* Во Зборник: Religion and pluralism in education. Novi Sad: CEIR-Kotor Network
- 2007. *Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities.* Во монографија: Politics and Religion. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance
- 2007. *Religion in multicultural society.* Во Зборник: Sociological Horizons. Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski"
- 2007. *Методически идеи за преподаването в часовете по гражданско образование.* Во Зборник: Иновативна социология. София: Универзитетско издателство "Свети Климент Охридски"
- 2008. *The challenges of the sociology of religion in Macedonia after 1991.* Во Зборник: Position and achievements of sociology of religion in the former Yugoslav republics: 1991-2007. Niš: Junir
- 2008. *Меѓурелигискиот дијалог на Балканот-социолошка анализа.* Во Зборник: Македонија и соседите. Скопје: Филозофски факултет (во подготовка за печатење)

- 2008. *Poverty in South East Europe with a particular Review of R. Macedonia.* Во Зборник: Exploring issues of risk and vulnerability to children in South East Europe. Thessaloniki: South-East European research centre (во подготовка за печатење)
- 2008. *Улогата на религијата во мир и конфликт (македонскиот случај).* Во Зборник: Социологијата и општествените промени. Скопје: Филозофски факултет (во подготовка за печатење)
- 2008. *Some aspects of the revitalization of religion in R. Macedonia after its independence.* Во Зборник: Culture in transition – transition in culture (IX Krakow-Skopje sociological seminar). Krakow: Jagilleonian University (во подготовка за печатење)
- 2008. *Критички осврт врз некои погледи за религијата во современата американска социологија.* Во Зборник: Современата американска социологија: Роберт К. Мертон како повод (меѓународен симпозиум). Скопје: Филозофски факултет (во подготовка за печатење)
- 2008. *Urban poverty in the Republic of Macedonia: condition, characteristics, resolving policy.* Во Зборник: Poverty and social policy in Central and Eastern Europe. Stockholm: Centre for Baltic and East European studies (во подготовка за печатење)
- 2008. *Islamiche ausbildung in Republik Mazedonien.* Во Зборник: Islamic education in Europe. Vienna: Faculty of Philosophy and educational sciences

На почетокот од овој извештај вредно е да се одбележи придонесот на д-р Зоран Матевски во изработката на нови, современо концепирани учебници за средно образование. По пишувањето на учебникот по социологија за втора година од гимназиското образование (во претходниот период), авторот во периодот од 2003-2008 година ја продолжува, многу одговорната учебникарска дејност преку пишувањето (како коавтор) на учебниците за трета и четврта година за реформираното гимназиско образование и учебникот за прва година во економско-правната и трговската струка. Со тоа ја комплетира својата дејност и го заокружува опусот во рамките на средношколското учебникарство, бидејќи, е присутен во сите учебници по социологија во рамките на средното образование. Во горенаведените учебници автор е на поглавјата посветени на социологијата на секојдневниот живот; етничноста и имиграциите; религијата во современите општества; порастот на населението и еколошката криза; масмедиумите и комуникацијата; општествените конфликти денес; колективното дејствување и социјалните движења; социологијата и промените во современото општество; настанокот на човекот, општеството и културата; општествени групи; општествените промени. Преку овие теми се рефлектира афинитетот на д-р Зоран Матевски кон извонредно актуелни и значајни општествени проблеми.

Сепак, најголемиот и најзначаен научен интерес на кандидатот е свртен кон проблематиката од областа на социологијата на релгијата. Од списокот на објавени трудови се гледа дека тринаесет од нив се занимаваат со

оваа проблематика, од кои десет се објавени во релевантни и значајни меѓународни Зборници на трудови, монографии и часописи. Во тие рамки ги истакнуваме како особено значајни научните трудови посветени на религискиот дијалог и толеранцијата во македонското мултиконфесионално и мултиетничко општество; религиската ситуација во Р. Македонија по падот на комунизмот и по добивањето на статус на самостојна држава; и на воведувањето на религиското образование во државните училишта во Р. Македонија. Во однос на првото прашање авторот го анализира еден од најгорливите проблеми во современата македонска стварност кој стана особено актуелен по конфликтот во 2001 година. Во тој контекст Матевски се обидува да даде одговор на прашањето дали Македонската Православна Црква и Исламската Верска Заедница како две најрелевантни религиски организации во Р. Македонија, со своето практично делување ги смируваат или уште повеќе ги заоструваат етничките проблеми и недоразбирања. Тој, меѓудругото доаѓа до еден мошне интересен заклучок, дека најголемите религиски организации во Р. Македонија немаат доволно сила да проговорат со својот сопствен религиозен јазик, туку во даден општествено-политички момент зборуваат со колективниот јазик на својата средина. Во своите истражувања посветени на религиската ситуација во Р. Македонија, д-р Зоран Матевски потенцира три клучни карактеристики на овој феномен. Првата карактеристика е ревитализацијата на религијата, проследена со висок степен на религиска идентификација на граѓаните на Р. Македонија, која што е паралелно поврзана со нивната етничка идентификација. Следната карактеритика е длабоката криза на секуларизацијата во Р. Македонија која е последица на екстремно високиот степен на поврзаност помеѓу религиската и политичката елита во државата. И на крајот во своите истражувања, Матевски покажува дека процентот на традиционални верници, особено кај православната конфесија е многу повисок во однос на процентот на убедени верници. Во однос на третото прашање д-р Зоран Матевски прави социолошка анализа на причините за воведување на религиско образование во Р. Македонија. Преку својата научна експертиза тој се ибидува да ги открие вистинските причини за воведувањето на предметот Веронаука (како конфесионален предмет), од една страна, и предметот Запознавање со религиите (како световен предмет), од друга страна. Врз основа на добиените резултати од неговите научни истражувања, авторот заклучува дека на младите им се потребни сознанија од областа на религијата, кои би се добиле во рамките на еден неконфесионален и мултидимензионален предмет, во кој би се вклучиле содржини од областите на Социологија на религијата, Филозофија на религијата и Историја на религијата. Преку изучувањето на содржините на еден вака концепиран предмет, младите би ги искористиле придобивките на етичката и општествено-интегративната функција на религијата. Сето друго би можело сериозно да ги загрози принципите на секуларизацијата во државата. Исто така преку учеството на бројни конференции, научни собири и интервјуа во мас-медиумите, посветени на ова прашање, авторот се обидува аргументирано да ги пренесе своите ставови

(базирани на социолошки истражувања) на научната и пошироката јавност во државата.

Кандидатот пројаува и интерес и за пошироки социолошки теми. Во тој контекст се неговите трудови за билингвизмот, конструктивното разрешување на конфликтите, меѓуетничката соработка во сферата на образованието и социјалните причини за сиромаштијата во Р. Македонија.

Кандидатот д-р Зоран Матевски има пројавено исклучителна активност во повеќе научно истражувачки проекти. Особено по својот обем и значајнот се издвојува македонско-холандскиот меѓувладин проект "Година за преод" финансиран од Канцеларијата на Високиот Комесар за национални малцинства во Хаг, Холандија. Придонесот на овој долгорочен проект (од 1998 до 2007 година) е во зголемувањето на бројот на студентите од албанската етничка припадност во државните универзитети во Р. Македонија како предуслов за подобрување на меѓуетничките односи. Како директор на проектот Матевски има дадено огромен придонес во практичната реализација на неговите цели. Ќе го истакнеме и учеството на кандидатот во меѓународниот проект "Иновативна социологија" чија цел беше да се извршат коренити содржински промени во универзитетската настава по социологија. Во моментов кандидатот е учесник и во меѓународниот проект "Подобрување на квалитетот во образованието по социологија во општествата засновани на знаење" (заеднички проект на институтите за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Филозофскиот факултет во Софија како и Хумболд Универзитетот од Берлин. Во проектот работи како експерт за подобрување на наставата по социологија во високообразовните институции.

Д-р Зоран Матевски учествувал и на бројни домашни и особено меѓународни и домашни научни собири од кои ги издвојуваме:

37-от Светски Конгрес на International Institute of Sociology со реферат под наслов *National and religious identity of Macedonian youth after the fall of communism* (во Стокхолм, Шведска, 2005 година); носител на сесија под наслов *The role of the religion in peace and conflict in the Balkan region-viewed thru the context of the processes of globalism and localism,* на 38-от IIS Светски Конгрес (во Будимпешта, Унгарија, 2008 година); 16-от Светски Конгрес на International Sociological Association со реферат под наслов *The impact of Europeization on Social Policy Reform in the Republic of Macedonia after the fall of Comunism,* (во Дурбан, Јужно Африканска Република, 2006 година); носител на сесија STS 24: *Religious dialogue and tolerance – theoretical and practical experience of differences and similarities,* на 28-та Конференција на International Society for the Sociology of Religion (во Загреб, Хрватска, 2005 година); носител на сесија STS 13: *Religious education in the state schools in the countries from Balkan region: new crisis of secularity?* на 29-тата ISSR Конференција (во Лајпциг, Германија, 2007 година); Годишната Конференција на ISSR (во Портланд, САД, 2006 година) со реферат под наслов: *Revitalization of monasticism as a spiritual practice in R. Macedonia after the fall of communism*; Конференцијата на European Association of the Study of Religion (во Бремен, Германија, 2007 година), со реферат под наслов: *Influence of the concept for school education about religion on the processes of*

*secularization and religious tolerance*; Меѓународната конференција Religion and politics (одржана во Благоевград, Бугарија, 2005 година) со реферат под наслов: *Sociological analysis of religious situation in Macedonian post-communist society;* Меѓународниот научен собир Религија у мултикултурном друштву (Нови Сад, 2005 година) со реферат под насов: *Религиска толеранција у мултиетничкој и мултиконфесионалној Р. Македонији;* Симпозиумот посветен на 30 години на Институтот за социологија: Социологијата и општествените промени (Скопје, 2006 година) со реферат под наслов: *Улогата на религијата во мир и конфликт (македонскиот случај);* Меѓународниот симпозиум Современата американска социологија: Роберт К. Мертон како повод со реферат под наслов: *Критички осврт врз некои погледи за религијата во современата американска социологија* и IX краковско-скопски социолошки семинар: Културата во транзиција-транзиција во културата со реферат под наслов: *Некои аспекти од ревитализацијата на религијата во Р. Македонија по добивањето на нејзината независност.*

Кандидатот во овој период остварил и студиски престој во Украина, Холандија, Австрија, Италија и Словенија. Д-р Зоран Матевски е член на меѓународните научни асоцијации како што се: IIS, ISA, ISSR, EASR I ISORECEA. Кандидатот е вклучен и во други стручни активности на Филозофскиот факултет и надвор од него. Бил претседател на Здружението на социолозите во Република Македонија а во моментов е раководител на последипломските студии на Институтот за социологија.

Со големо задоволство можеме да констатираме дека педагошката и научно-истражувачката дејност на кандидатот од неговиот избор за вонреден професор до денес дава основа за негов избор во повисоко звање. Затоа на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му предлагаме д-р Зоран Матевски да биде избран во звањето вонреден професор по предметите: Социологија на религијата, Социологија на образованието, Социологија, Социологија на моралот и Методика.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Блага Петроска, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.

Проф. д-р Стефан Костовски, с.р.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-661/08
24-06 2008 год.
Скопје

Врз основа на членовите 63, 125 став 4 и 134 став 2 од Законот за високото образование (Сл.Весник на РМ бр. 35 од 14. 03. 2008 г.), а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 943/114 од 2. VI 2008 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXI редовна седница, одржана на 18. VI 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
за избор на наставник

I

1. **Д-р Зоран Матевски**, вонреден професор по предметите методика на наставата по социологија, социологија на религијата, социологија на моралот и социологија на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): Социологија на религијата, Социологија на образованието, Социологија, Социологија на моралот и Методика, сметано од 19. VI 2008 година.

2. На именуваниот-ата му-и се продолжува работниот однос на Филозофскиот факултет во Скопје на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски